Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

03- 830/2

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], генералниот секретар на Инспекцискиот совет донесе

# РЕШЕНИЕ

## за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од Ацо Стојановски, ул. [redacted] е-маил: [redacted], бр. 03-830/1 од 18.09.2024 година.

### Образложение

На 18.09.2024 година [redacted] со адреса: [redacted], до Инспекцискиот совет достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-830/1 од 18.09.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

**Информација по која процедура Инспекцискиот совет ја спроведе својата обврска од член 103 став 5 на Закон за инспекциски надзор.**
**Информација како Инспекцискиот совет ги утврди инспекторите вработени во инспекциските служби на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор.**

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted] и фотокопија по пошта .

Постапувајќи по горенаведеното Барање, Ве известуваме:

- Во однос на Вашето барање: Информација по која процедура Инспекцискиот совет ја спроведе својата обврска од член 103 став 5 на Закон за инспекциски надзор, Ве информираме дека Инспекцискиот совет својата обврска ја спроведе согласно член 103, точка 5 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ, бр. 102/19), кадешто е наведено „Советот во рок од три месеци од денот на започнување со примена на овој закон, ќе му издаде лиценца за инспектор во соодветната област, на инспектор вработен во инспекциските служби од членот 26 став (1) точка 3) од овој закон".

- Во однос на Вашето барање: Информација како Инспекцискиот совет ги утврди инспекторите вработени во инспекциските служби на општините, општините во Градот Скопје и Градот Скопје на денот на започнување со примена на Законот за инспекциски надзор, Ве информираме дека Инспекцискиот совет согласно член 2 став (1) и став (3) и член 103 став (5) од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на Република Северна Македонија, бр. 102/19), на 157-та редовна седница одржана на 31.01.2020 година донесе ОДЛУКА за издавање на лиценци на општински инспектори, број 02-168/1 од 31.01.2020 година.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата и
- во архивата на Инспекцискиот совет.

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор